Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 13, 27 ноември 2008 година

ноември 2008
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник (во звање асистент) за наставно-научната област машинство на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звањето асистент по предметите Електроника и Основи на електроника на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област геологија-хидрогеологија по наставните дисциплини: Инженерска геологија и хидрогеологија, Методи на хидрогеолошки истражувања и Заштита на подземните води на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 10

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО ПОМЛАД АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ЕЛЕКТРОНИКА И ОСНОВИ НА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, бр. 0210-686/26/3 од 10.11.2008 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Тодор Делипетров, редовен професор и декан на Факултетот за рударство, геологогија и политехника (претседател), д-р Цвета Мартиновска, доцент на Факултетот за информатика (член) и д-р Стојан Рендевски, вонреден професор на Факултетот за електротехника (член), за изработка на писмен извештај за избор на ***помлад асистен*** по предметите **Електроника** и **Основи на електротехника** на Факултетот за информатика.

Комисијата во наведениот состав ги прегледа доставените документи и констатира дека на Конкурсот, објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 29.10.2008 година, за соработник-помлад асистент на Факултетот за информатика во Штип се пријави само кандидатот м-р Тодор Чекеровски, дипломиран компјутертски инженер од Штип. По прегледот на доставените документи, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот **Тодор Ордан Чекеровски** е роден на 21 октомври 1980 година во Штип. Во родното место завршува основно образование, како и средно образование во средно-стручното училиште „Коле Нехтенин" (четиригодишно образование на насоката електротехничар-електроничар).

Високо образование завршува во 2005 година на Факултетот за компјутерски системи и техники при Техничкиот универзитет во Софија, Република Бугарија, и се стекнува со стручен назив ***дипломиран компјутерски инженер***. Дипломата за завршено високо образование и стекнат стручен назив се признати од Министерство за образование и наука на Република Македонија со Одлука бр.08-3234/2 од 30.5.2008 година.

Втор степен на високо образование кандидатот завршува на Факултетот за компјутерски системи и техники при Техничкиот универзитет во Софија, Република Бугарија (двегодишни студии) и во 2008 година се стекнува со академски степен ***магистер по компјутерски системи и техники***. Дипломата за завршен втор степен на високо образование и стекнатиот академски степен се признаени од Министерството за образование и наука на Република Македонија со Одлука бр. 09-7755/2 од 10.11.2008 година.

Прво работно искуство на кандидатот Тодор Чекеровски е во компанијата „Q-elektronics" во Софија, Република Бугарија, каде во периодот 1 јуни 2006 – 1 јули 2007 работи како одговорен за сервис и одржување на компјутери и компјутерска опрема. Во периодот 1 октомври 2007 – 1 март 2008 година, кандидатот работи во компанијата „Musat" во Одделениeто за истражување и равој на GPS продукти.

Кандидатот е државјанин на Република Македонија, а мајчин јазик му е македонскиот. На име на кандидатот е издадено уверение за завршен основен курс по англиски јазик во Центар за изучување на странски јазици „Пикадили" - Штип. Кандидатот изјавува дека добро ги владее пишаниот и говорниот бугарски, српски и хрватски јазик.

Кандидатот нема објавувано научни или стручни трудови и нема учествувано на научни и други конференции, за што сметаме дека не е изненадување кога се има предвид

дека кандидатот го заокружи своето образование пред само неколку месеци. На мислење сме дека кандидатот може да се развие во добар соработник-истражувач од областа на компјутерската техника и компјутерските системи (хардверист).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на податоците во документите на кандидатот м-р Тодор Чекеровски, заклучуваме дека кандидатот има соодветен степен на образование и други квалификации потребни за извршување на работни задачи како помлад асистент на Факултетот за информатика. Затоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип **да го избере м-р Тодор Чекеровски во звање помлад асистент за предметите Електроника и Основи на електротехника на Факултетот за информатика.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Тодор Делипетров, ред. проф., с.р. (претседател)**

**Д-р Цвета Мартиновска, доцент, с.р. (член)**

**Д-р Стојан Рендевски, вон. проф., с.р. (член)**